**Р Е Ф Е Р А Т**

Со писмо одлука број 03-65/2 од 16.03.2015 год. известени сме дека Наставно-научниот уметнички совет на Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска филмска театарска и танцова академија – Скопје, на седницата одржана на ден 16.03.2015 год. донесе одлука со која не избра за членови на Рецензентска комисија за ре-избор на еден наставник по предметите Филмско и ТВ Сценарио и Компјутерски софтвери за монтажа, во наставно-научно звање Доцент на Факултетот за филмски уметности.
На конкурсот за избор на наставник, објавен на 10 март 2015 год. во весникот *Нова Македонија,* се пријави и поднесе документација еден кандидат: М-р Гоце Цветановски. Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав Вон. проф. Роберт Јанкулоски, претседател на комисија, Вон. Проф. Сашо Павловски, Доц. Миле Петковски, врз основа на увидот во документите и објавените научно-истражувачки и уметнички трудови, има чест на Наставно-научниот уметнички совет на Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска филмска театарска и танцова академија – Скопје да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Гоце Цветановски е роден 1979 год. во Скопје, каде завршува средно училиште. Оттогаш започнува неговиот интерес за филмот. Како член на аматерскиот филмски клуб “Ед Вуд” се бави со реализација на кратки видео филмови.
Во 1998 година заминува во Париз, каде студира и магистрира на Универзитетот Париз 8 - Сен Дени. Во 2004 година се стекнува со звање: Магистер по Креација и аудиовизуелна кинематолошка реализација.
За време на студиите, работи на повеќе документарни и играни проекти, како асистент, сценарист, режисер или продуцент. Членува во француската невладина организација “Квазарт”, која беше подржана од Францускoто министерство за Млади и Европската Комисија, како оригинален интернет проект.

Комисијата наведува некои од поистакнатите дела и учества на фестивали, од приложената филмографија на кандидатот Гоце Цветановски:

1. “Човекот кој не беше таму” (10 мин, фантастика, ХД, 2015, моментално во постпродукција, копродукција со Сити Стар Продукција, Македонија)
2. “Човекот кој не сакаше да умре” (11 мин, фантастика, 3Д анимација, 2015, продукција ФХ3Х, Македонија)
3. “Мал дисконтинуитет во времепросторот” (2014, 13 мин, фантастика, копродукција со Сити стар продукција, Вис продукција, ЕСРА Скопје, Флип Бук и Видео Хаус)

    Награди :
    - Serbia Fantastic Film Festival, Begrade. Serbia (Best regional short prize)
    - Filmski Front, Novi Sad, Serbia (Best regional short prize)

    Фестивали:
    - Ljubljana International short film festival, Ljubljana, Slovenia
    - SEE a Paris, Paris, France
    - Tetovo International Film Festival Oda, Macedonia
    - Cine a la Calle, Baranquilla, Columbia

- Asterfest Strumica, Macedonia
- Oslo Short cuts, Norway
- PIFAN, South Korea
- Grossman film & wine festival, Slovenia (Silver Melies nomination)
- Tuzla International FIlm Festival, Bosnia Herzegovina
- Manaki Film Festival, Macedonia
- Cinema com Farinha, Brazil
- Bridge Film Festival, Kosovo
- Othermovie Lugano Film Festival, Switzerland
- Serbia Fantastic Film Festival, Begrade. Serbia (Best regional short prize)
- Filmski Front, Novi Sad, Serbia (Best regional short prize)
- Hof International Film Festival, Germany
- Albanian Film Festival, New York, USA

4. "Хансел и Гретел: вистинската приказна" (13мин, анимација, 35мм, 2009)
   - International Animation Film Market (MIFA), Анеси, Франција, А КАТЕГОРИЈА
   - Anima Mundi (Brasil) - Б КАТЕГОРИЈА
   - Sitges Fantastic Film Festival - Б КАТЕГОРИЈА

   Награди:
   - ASIFA Serbian Diploma-Balkanima International Animation Film festival, Serbia, 2010\
   - Special Diploma from the Jury-Astefrest, Strumica, Macedonia, 2011

   Фестивали:
   - Anima mundi, Rio de Janeiro and Sao Paolo, Brazil, 2010
   - Cartoon club Rimini, Italia, 2010
   - Fantastic Film Festival Lund, Sweden, 2010
   - MotelX Lisbon international horror film festival, Portugal, 2010
   - Balkanima international animation film festival, Belgrade, Serbia, 2010
   - Melbourne festival of Macedonian films, Australia, 2010
   - Trieste Science + fiction film festival, Italy, 2010
   - Animateka international animation film festival Ljubljana, Slovenia, 2010
   - Istanbul animation film festival, Turkey 2010
   - Detroit Independent film festival, Michigan, USA, 2011
   - See a Paris, (South-eastern Europe film festival), France, 2011
   - Skopje Film Festival, Macedonia, 2011
   - KAN Festival Wroclaw, Poland, 2011
   - Asterfest Strumica, Macedonia, 2011
   - Festival du film merveilleux, Paris, France, 2011
   - Festival de l'autre cote du miroir, St. Etienne de Chigny, France, 2011
   - One minute film festival, Aarau, Switzerland, 2011
   - Bosch Festival, Gevgelija, Macedonia, 2011
   - Anibar animation film festival, Kosovo, 2011
   - Animacursed horror film festival, Rio de Janeiro, Brazil, 2011
   - Animest film festival Bucarest, Romania, 2011
   - Golden Kuker International Animation Film Festival, Sofia, Bulgaria, 2011
   - Banja Luka animation film festival, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina, 2011
   - Macedonian film festival, Toronto, Canada, 2011
   - Animax Skopje, Macedonia, 2011
   - Dead by dawn horror film festival, Edinburgh, Scotland, 2012
   - SEE a Paris, France, 2012
   - In the Palace film festival, Varna, Bulgaria 2012,
   - Giffoni Skopje, Macedonia, 2013

- Children film Festival, Bengal, India 2013
- Festival srpskog filma fantastike, Belgrad, Serbia 2013

5. "Ферецето на среќата" (12 мин, социјална сатира, ХД, 2009, копродукција со Слипери Слопс, Америка)
   - Festival de Cannes - Short Film Corner 2010 А Категорија
   - Asterfest Strumica, Macedonia, 2010
   - Macedonian film festival, Toronto, Canada, 2011

Исто така бил финалист на форумите за сценарио во Варна, Бугарија и Интер филм фестивал, Берлин Германија.
Работи како креативен директор и сценарист на издавачката куќа Комик Бру од Шкотска, и Линкс Анимејшн Студиос во Македонија.
Неговите кратки и анимирани филмови биле прикажувани на над 100 филмски фестивали, од кои поважни се: ПИФАН во Јужна Кореја, Ситгес во Шпанија, Анима Мунди Бразил, Лунд Фантастик Филм Фестивал Шведска, Хоф Инт. Филм Фестивал Германија, Анимест Букурешт Романија, Париз – Tout Court Франција, Дед бај Дон Велика Британија, Осло шорт катс Норвешка, Izmir Short festival Турција, Браќа Манаки, Македонија и многу други.
Автор и режисер е на повеќе музички спотови во Франција, Америка и Македонија.
Тој исто така работел како асистент на режија, на долгометражниот игран филм "Тајната книга" во режија на Владо Цветановски и продукција на КТВ Медиа, како асистент на режија и главен монтажер се јавува и во долгометражниот ТВ филм "Епидео" во режија на Мајкл ди Антонио и продукција на Slippery Slopes, УСА, и монтажер на долгометражниот документарен филм "Богатствата на Јемен" во режија на Садек Алсар. Копродуцент е на повеќе кратки филмови во Романија, Германија, Франција, Турција и Бугарија.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и оценува наставно-образовнатаи уметничка деност на м-р Гоце Цветановски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Гоце Цветановски поседува научни и стручни квалитети и ги исполнува сите услови да биде ре-избран во звање Доцент по предметите Филмско и ТВ Сценарио и Компјутерски софтвери за монтажа.

Рецензентска комисија:

Вон. проф. Роберт Јанкулоски, претседател на комисија

Вон. Проф. Сашо Павловски

Доц. Миле Петковски